

МАРЈАН БОЈАЏИЕВ
РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ-СКОПЈЕ

# ПОСЛЕ 30 ГОДИНИ КО ГИ ДОБИВМЕ 30-ТЕ М МУЗИКА СО МОЈОТ БЕ

**По професорската работа за која открил дека тоа е она вистинското што го исполнува, Марјан Бојаџиев, ректорот на Универзитетот Американ Колеџ-Скопје, деновиве реализираше уште еден свој сон: после три децении, на носач на звук конечно се ставени песните што ги создал со своите другари од бендот В.И.С Вокс во раните 80-ти. Mayo Vox & Co. are on the road again!**




пишува:
**Игор Петровски**
igor.petrovski@kapital.mk

фотографија:
**Ивана Кузмановска**
ivana.kuzmanovska@kapital.mk


**НАШЕТО МЕНИ**

Од богатото мени на ресторанот Арабеска се одлучивме за Виенска шницла, тестенини со четири видови сирење, рижото со зеленчук

# ...ОНЕЧНО ...ИНУТИ ...НД!

Една од убавините на рубриката "На ручек со..." е што ни носи привилегија да чепнеме малку по приватноста на луѓето што обично се застапени во Капитал и останатите медиуми во стандардната форма на интервју, каде што фокусот најчесто е ставен на други аспекти, пред сè поврзани со професионалниот ангажман на соговорниците. Па, така, дознаваме многу интересни моменти од нивниот живот, за кои што обично знаат само нивните најблиски и оние што ги познаваат подолго време. Овој пат добивме и подарок од нашиот соговорник, професорот Марјан Бојаџиев, поврзан токму со тоа што е нераскинливо дел од неговата интима и е негова страст уште од средношколските денови - музиката. Всушност, екипата на Капитал имаше привилегија меѓу првите да го добие новото ЦД на В.И.С Вокс, бендот во кој што Бојаџиев свири клавијатури, кој што по цели три децении од првите отсвирени акорди ја става својата музика на некаков носач на звук. Цедето штотуку е излезено од печатење, а на него се снимени песните што В.И.С Вокс, или "Гино де Гаги и нивните страсти", како што се викале на почетокот, ги имале направено и изведувано пред публика своевремено, но никогаш немале прилика да бидат и официјално снимени во студио.
Бојаџиев, за јавноста познат како ректор на Универзитетот Американ колеџ-Скопје, е неизмерно среќен заради ова првенче на неговиот бенд од младоста, и како што вели во посветата, "собрани под огромноста на небескиот свод, создадовме музика што трае 30 минути, а самата таа нè создаваше нас 30 години Се надеваме дека се приближивме до совршената Едност...".
"Во бендот се и Драган Гиновски - Гино и Петар Јанков, кои што по В.И.С Вокс беа членови на Архангел, по што македонската публика и најмногу ги препознава, потоа тука е Ѓоко Мишковски на клавијатури, Рубин Кантарџиоски, нашиот вокалист, и како гостин на тапани, Дарко Спасовски и Лаура Крлиу како придружни вокали. Албумот го снимавме од март 2012 до септември 2013, малку подолго од вообичаено, но знаете како е, сите сме сега веќе средовечни луѓе, секој со своите обврски, па малку потешко е сите да се искоординираме. Битно е дека нашиот сон од младешките години се оствари, музиката на Гино де Гаги и В.И.С. Вокс ќе остане некаде запишана, и како што го велиме всушност и во насловот на албумот, ова се песни што секогаш сте сакале да ги слушнете, а не сте имале каде", вели Бојаџиев, или Мајо Вокс, како што е неговиот уметнички псевдоним во бендот.
Во врска со музиката на Бојаџиев и неговите компањони, интересно е да се спомне дека нивна песна се наоѓа и на една компилација наречена "Екс Ју електроника", направена од хрватски новинар, кој што некако разбрал дека во 80-те во Скопје твореле меѓу другите и Гино де Гаги..., токму во правецот на електронската музика, или "новиот романтизам", па побарал од нив да му испратат една своја композиција.
"Поласкани сме заради таа чест што ни ја укажаа Хрватите, што ете, иако постоевме кусо време, и дури сега после толку години успеавме да снимиме наш оригинален материјал, сепак нè сврстиле меѓу тие што оставиле некаква трага на електронската сцена во поранешна Југославија. Во оваа прилика би сакал да ги споменам и луѓето кои беа дел од Гино де Гаги/В.И.С. Вокс своевремено, како Соња Рафајловска, Душан Ристевски, и за жал прерано



Труди се да бидеш најдобар во она што го работиш. Тоа им го велам и на моите деца, и на студентите



Бев на неколку менаџерски позиции во компании и банки, но се пронајдов во професорската работа



Во животот има време и за професионални достигнувања, и за семејството, и за хоби кое ве исполнува

починатите Дејан Аргировски-Ушко и Ацо Богдановски-Конга", вели Бојаџиев.

## "Сите околу мене лекари, а јас отидов на економија"

Музиката е негова страст и вечна љубов, но она што му обезбедува егзистенција на Бојаџиев денес е академската работа, односно позицијата ректор на Универзитетот Американ колеџ - Скопје , каде што е и професор по неколку економски предмети.

Роден е во 1967 година во Скопје, и израснал во, како што вели, "најубавата населба во градот, Козле, во најубавата улица, Стрезова". Родителите му биле лекари и професори на Медицинскиот факултет, а во таа област работеле уште десетина членови на неговото потесно и пошироко семејство.

"Растен со сите доктори околу мене, логично беше и јас да се запишам на Медицинскиот факултет после средно, и дури почнав и да се подготвувам за приемен. Но, татко ми, сега покојниот проф. Илија Бојаџиев, виде дека јас и немам баш премногу афинитет кон медицината, па ме праша, онака најотворено "синко дали се гледаш ти во оваа професија?", на што јас му реков "не баш", па решивме да се пријавам на Економскиот факултет. Не дека и за економијата сум имал некаква желба или сум знаел нешто за тоа на свои 18 години, но сепак, нешто требаше да се учи, и падна одлуката за неа", вели Бојаџиев.

На своите детски и младешки години се сеќава како на период исполнет со искрени пријателства, дружби, многу квалитетна музика и многу помалку нервоза и хаос за разлика од денес.

"Тогашната југословенска поп-рок сцена беше сигурно една од најдобрите во светот, после она што се случуваше во САД и Британија, се разбира. Електрични оргазам, Идоли, Шарло акробата, ЕКВ во Белград, Филм, Хаустор, Азра од Загреб, сараевските 'нови примитивци'... беа тоа огромни количества квалитетна рок и њу вејв музика. И во Македонија твореа многу млади бендови во тие рани 80-ти години, кога почна да се одржува и скопскиот Рок фест, на кого што учествувавме и ние. Во 1983 настапив самостојно како Мајо Вокс, а следната година со 'Гино де Гаги и нивните страсти'. Македонија во тоа време, во југословенски рамки освен Леб и Сол речиси и да немаше некое големо име, а потоа во 80-те, пробив направија Падот на Византија и Бадминтонс, и нешто подоцна Мизар и Архангел.."

## "Професорските гени ме стасаа"

Кога Бојаџиев дипломирал на Економскиот факултет, се случува всушност и крајот на поранешна Југославија и почнува нов период на турбуленции и неизвесност. Бојаџиев работел во неколку поголеми и помали компании, штедилници и банки (Интер Фалко, Македонска штедилница, Македонска банка), каде што бил



Бојаџиев алијас Mayo Vox со останатите од В.И.С Вокс во акција



Од престојот на Харвард: Бојаџиев и легендарниот професор Хауард Стивенсон

поставуван и на раководни позиции.

"Стекнував искуство како менаџер, но сè повеќе почнуваше да ме интересира и академската страна на економијата и бизнисот, а своето искуство од праксата, сакав да го пренесам на помладите. Веројатно оној 'професорски ген' од семејството ме стаса, не можеше да се избега од тоа", со насмевка вели Бојаџиев. Затоа, со одушевување ја прифатил понудата да држи предавања на тогашниот Њујорк колеџ во Скопје, било тоа периодот околу средина на 2000-те.

"Бев исклучително посветен на предавањата. Станував во 4 наутро за да ги подготвам материјалите, па после работа, попладнето ги држев часовите по менаџмент. Вечерта се враќав мртов уморен дома, но немате претстава колку бев среќен и исполнет. Тогаш некако решив дека сакам сосема да се посветам на професорската работа", вели Бојаџиев.

И тогаш коцкичките се поклопуваат баш во вистинскиот момент: во





Крвта не е вода: Марјан со синот Лука и со својот братучед, познатиот музичар Дуке Бојаџиев, во Њујорк



“Гино де Гаги и нивните страсти“ во 1984 година (Бојаџиев е прв од десно)



Со сопругата Ирена, и децата Илијана и Лука во Бостон






Одделот за имунологија при Детската клиника е именуван во чест на својот долгогодишен раководител, проф.д-р Илија Бојаџиев, таткото на Марјан Бојаџиев



Бојаџиев и директорката на УАКС, Венера Крлиу, на коктелот за испраќање на американскиот амбасадор Филип Рикер

2006 година група инвеститори од Македонија и САД го основаат приватниот Универзитет Американ колеџ-Скопје (УАКС), а Бојаџиев се вклучува во тимот кој што ги поставува основите на оваа високообразовна институција. Од почетокот е поставен и за ректор на универзитетот, а држи и неколку предмети од областа на стратешкиот менаџмент, маркетингот, организациското однесување, итн.

“Денес, по осум години функционирање на УАКС, можам само да кажам дека сум горд што поставивме нови стандарди во високото образование во Македонија. Први почнавме да воведуваме искусни професионалци како предавачи, за разлика од дотогашниот принцип, луѓе кои што никогаш не влегле во компанија, на пример, да предаваат менаџмент и сл., обезбедивме меѓународно признатa диплома за нашите студенти, високо квалитетна настава по американски стандарди и продуцираме кадри кои што приватниот и јавниот сектор потоа може да ги вработува со што помалку дополнителна обука, тренинзи, итн.“, истакнува Бојаџиев.

Самиот тој, како и сите останати професори на УАКС, благодарение на соработката со неколку големи светски универзитети, одат на стручни усовршувања, а особено се горди на соработката со Харвардската бизнис школа, на која што неколкумина од наставниот кадар на УАКС досега се заминати на специјализации.

“На Харвард имав прилика да ги запознам и легендарните професори Хауард Стивенсон, кој што се смета за татко на претприемништвото како научна дисциплина, како и Клејтон Кристенсен, експерт за менаџмент науката, луѓе чии што трудови претходно само сум можел да ги читам, а за среќа, добив шанса и директно да слушам предавања од нив, како и да продискутирам околу некои теми“, вели Бојаџиев.

И, за крај, не може, а да не ги спомeнеме, оние што му даваат сила и инспирација во животот, неговите најблиски, сопругата Ирена, и децата Илијана и Лука.

“Колку сака нека звучи како клише, ама навистина не би ги постигнал сите нешта во животот на кои што сум горд, без нивната поддршка. Затоа и секој слободен момент гледам да го поминам со нив, да се дружиме, да патуваме заедно. Илијана, која е средношколка, и помалиот Лука, се трудам да ги научам дека вредната работа е најбитна за успехот. Да бидат упорни, работливи, одговорни луѓе, да направат повеќе од тоа што мојата генерација направила, и за себе и за својата држава“.